# ИНФОРМАТОР ЗА **ДИСКРИМИНАЦИЈА**

**2018**
**МАРТ**

Нееднаквиот третман кон определено лице или група на лица поради нивните лични карактеристики претставува дискриминација. Основите, видот и областите во кои дискриминацијата се забранува најдетално се опфатени со Законот за спречување и заштита од дискриминација. Прифаќањето на различностите и заштитата од дикриминација се многу важни за напредокот на секое општество. Од овие причини Мисијата на ОБСЕ во Скопје и Хелсиншкиот комитет ги набљудуваат случаите на дискриминација, активностите на државата и останатите здруженија на граѓани во делот на превенцијата и заштитата од дискриминација. Информаторот ги прикажува податоците од набљудувањето во текот на еден месец. Месечните информатори вклучуваат и податоци за случаи и мислења дадени од страна на Народниот правобранител.

## Случаи на дискриминација

Нееднаков третман овој месец **12**

### ОБЛАСТ

| | | |
|---|---|---|
| 9 работни односи | 0 образование | 0 социјална сигурност |
| 2 здравство | 0 пристап до добра и услуги медиуми | 0 домување |
| 1 медиуми | 0 избирачки права | 0 друго |

## Реакции

Реакции овој месец **11**

### ВИД НА РЕАКЦИЈА

| | | |
|---|---|---|
| 0 осуда од функционери | 8 соопштение од здр. на граѓани | 1 протест |
| 0 мислења на Народен Правобранител | 0 мислења на Комисија за заштита од дискриминација и Државни институции | 0 останато |

### ПРЕВЕНЦИЈА

Активности на ДИ **0**

Активности на здрж. на граѓани **2**

## Карактеристики на жртвата:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 0% пол | 17% етничка припадност | 0% религија | 0% политичка припадност |
| 17% попреченост | 8% сексуална ориентација | 0% корисници на дрога | 58% друго |

### ОБЛИК НА ДИСКРИМИНАЦИЈА

| | |
|---|---|
| директна | 12 |
| индиректна | 0 |
| вознемирување | 0 |

### СУДСКИ ПОСТАПКИ

| | |
|---|---|
| Тековни судски постапки | 3 |
| Позитивни пресуди | 0 |
| Негативни пресуди | 0 |

СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО 2018




## СЛУЧАИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ОД МАРТ 2018

### СЛУЧАЈ:

Основниот суд Скопје II Скопје донесе првостепена пресуда со која се утврдува дека Министерството за земјоделство шумарство и водостопанство на како тужен, сторило дискриминација по основ на политичка припадност во областа на работните односи.

Тужителот бил вработен кај тужениот. Надвор од работното место тој бил политички активен како претседател на општински под-огранок на политичка партија и бил вклучен на листата на советници на локални избори. Тужителот добил решение за распоредување на пониска позиција иако истиот исполнувал услови за повисока позиција од причина што во меѓувреме завршил високо образование. По распоредувањето на тужителот, на неговото работно место било вработено лице со различна политичка припадност од онаа на тужителот и член на владејачката партија.

Со пресудата се забранува преземање на дејствија од страна на тужениот со кои се врши дискриминација, се задолжува да ги преземе сите потребни дејствија со кои ќе ја отстрани сторената дискриминација и да му исплати на тужителот правичен надомест за нанесената душевна болка предизвикана поради повреда на правото на еднаков третман.

### СУДСКА ПРАКСА:

Жалителот Александар Александров е руски државјанин, кој во 2005 година бил обвинет и осуден за напад врз полициски службеник под дејство на алкохол и осуден на една година затвор. Во постапката пред националните судови во Русија не му била определена алтернативна мерка согласно законските прописи, меѓу другото, поради тоа што немал постојано престојувалиште во московскиот регион каде што се случил настанот и била изречена пресудата. Г-дин Александров поднел жалба до Европскиот суд за човекови права во Стразбур (ЕСЧП), тврдејќи дека ваквата постапка пред судот е дискриминирачка.

ЕСЧП утврдил повреда на член 14 (забрана за дискриминација) во врска со член 5 (право на слобода и безбедност) од Европската конвенција за човекови права и му досудил 10,000 евра оштета.

### РЕСУРСИ:

Квина тил квина „Придушување на женските движења – стеснување на просторот за правата на жените“ -

http://thekvinnatillkvinnafoundation.org/files/2018/03/kvinna-till-kvinna-suffocating-the-movement-report-eng-2018.pdf

Европската комисија: Агенција за темелни човекови права „Прирачник за Европско право за недискриминација – 2018 едиција“

http://fra.europa.eu/en/publication/2018/handbook-european-law-non-discrimination

Европска мрежа на правни експерти за родова еднаквост и недискриминација „Родова еднаквост и заедничкиот пазар“

https://www.equalitylaw.eu/downloads/4573-gender-equality-and-the-collaborative-economy-pdf-721-kb

Европска мрежа против расизмот „Извештај во сенка – Расизам и дискриминација при вработување во Европа 2013 – 2017“

http://www.enar-eu.org/IMG/pdf/20107_shadowreport_2016x2017_long_v8_hr.pdf

Одлука на Советот за етика на медиуми

http://semm.mk/attachments/12-03-2018/vanja-markukle.pdf

Содржината на ова издание не секогаш ги одразува погледите или ставовите на Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

ОБСЕ Организација за безбедност и соработка во Европа **Мисија во Скопје**

ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА НА РЕПУБЛИКА **МАКЕДОНИЈА**

ПРИЈАВИ ДИСКРИМИНАЦИЈА НА:
**+389 (0)2 3119 073 / 078 252 812**